**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-451**
**30.11. 2017 година**
**Скопје**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и132/17), а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-5298/1 од 22.11.2017 година, поради неисполнување на обврската за објавување на податоци согласно со член 14 од Законот за медиуми од страна на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 14 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и13/14), а казнива по член 30 став 1точка3и став 2 од истиот Закон, на начин што програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 31 октомври 2017 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-5298/1 од 22.11.2017 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и132/17) и член 29 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на